ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **13.01.2020 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов** , Раководител на Сектор за општи и правни работи ,финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски** ,Раководител на општи и правни работи **Јаготка Николовска,** Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**,Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски**,Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за јавни дејности ,економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски** , Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на Одделение за урбанизам ,сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска** Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум каде беше даден извештај за одржаниот состанок во Владата на РСМ, при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Од страна на Секретарот на општината беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Во координација со Мартин Николовски и Татјана Георгиевска да се разгледа документацијата за објектот на Хантерс во с.Варовиште пред да се направи проценка на истиот.

-Тековни активности

**<u>Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој</u>**

-Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се направи координација со работната група за одредување на депонија за земјен материјал и градежен шут при реконструкција на патот спрема Граничен премин Деве Баир.

-Тековни активности

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

- Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

- Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Од понеделник да се започне со раскитување на украсните елементи и со пописна листа истите да бидат предадени на ЈП Комуналец на складирање и чување.

-Да се разгледаат физибилити студијата за оправданост на ЈПП за јавно осветлување.

-Тековни активности

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Раководител на Одделение за урбанизам ,сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се одржи состанок со фирмата Простор-Куманово во врска со изработка на урбанистички планови 7А и 4А и до крајот на месецот да се закаже Комисија за урбанизам.

-Тековни активности

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се провери дали има проект за Групен дом во с.Жидилово.

-Тековни активности

**Одделение за човечки ресурси**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се доврши измената на правилникот за систематизација и да се достави електронски до МИОА за разгледување и одобрување и потоа да се достави во хартиена форма за давање согласност.

-По донесување на систематизација да се пристапи кон измени на План за вработување за 2020 година.

-Тековни активности

**Одделение за правни и општи работи**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Да се види со другите општини дали е потребно да се предвиди јавна набавка за снабдување на електрична енергија.

-До крајот на неделата да се состане Комисија за располагање на градежжно земјиште и да се распише повик за продажба на локалитети Треска и Езерце ,притоа да се предвиди во условите дека изместувањето на далноводот ќе биде на трошок на купувачот.

-Да се испрати e-mail на сите советници да ги подмират трошоците за данок на имот.

-Тековни активности

**Одделение за инспекциски надзор**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се направи контрола од страна на комуналните редари на авто плацовите и дали истите имаат регулирано фирмарини и дали имаат договор со ЈП Комуналец за предавање на комунален отпад.

-Градежениот инспектор да изврши контрола на авто плацовите и дали има постоење на трета сигурносна лента за излез од истите.

-Комуналните редари да извршат контрола за отстранување на нерегистрирани хаварисани возила од јавните површини конкретно плаво комбе на улица Македонска, возило кај Пенди вир и жолт голф пред Трговскиот кај стариот зелен пазар.

-Да се изврши контрола околу расчистување и порамнување на депонијата кај Пелагонска база како и да кординира за работата со ЈП Комуналец.

-Општинскиот испекција да побара отстранување и сеча на врби во речното корито во Крива Река на потег од големиот мост до крајот на регулацијата спроти Карпош.

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да изврши уредување на депонијата кај Пелагонска база и порамнување на речното корито на Крива Река, од големиот мост до крајна регулација спроти Карпош.

-Да се определат две лица вработени во ЈП Комуналец за посете на обука за оџачари.

-Тековни активности

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се дадат локации и конкретни мотиви за поставување на рекламни паноа за промоција на туристичките локалитети со одредени димензии .

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

-Да се внимава на роковите дадени во применитe акти, раководителите да водат контрола при распределување за навремено постапување.

**13.01.2020 година, Крива Паланка**

**Изготвил: Клара Стевановска**